**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**НАРОДЕН ПРАВОБРАНИТЕЛ**

**ОДДЕЛ ЗА ЗАШТИТА НА ПРАВАТА НА ДЕТЕТО И ЛИЦА СО ПОПРЕЧЕНОСТ**

# ИНФОРМАЦИЈА

# ЗА НАЧИНОТ НА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВАТА ВО УЧЕБНАТА 2020/21 ГОДИНА ВО ОСНОВНИТЕ УЧИЛИШТА НА ТЕРИТОРИЈА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**август, 2021**

## 1. ВОВЕД

Секое дете има право на квалитетно образование со почитување и унапредување на неговото достоинство и оптимален развој. Овој пристап заснован на човековите права на детето го признаваат двете конвенции кои Република Северна Македонија ги има ратификувано, одосно **Конвенцијата за правата на детето (КПД)** и **Конвенцијата за правата на лицата со попреченост (КПЛП),** во кои јасно се изразува целта да се гарантира квалитетно образование за сите, и важноста на обезбедување целосна поддршка за развој на потенцијалот на секое дете. Впрочем, за исполнување, односно почитување на овој пристап може да стане збор само кога сите деца, вклучувајќи ги и најмаргинализираните и најисклучени деца, одат на училиште и добиваат сеопфатно и квалитетно образование.

Од друга страна, образование кое е инклузивно, еднакво и квалитетно за сите е една од Целите за одржлив развој на Обединетите нации*, во којшто се содржани вкупно 17 цели и 169 потцели, чија цел е искоренување на сиромаштијата во сите форми, "*остварување на човековите права за сите и постигнување родова еднаквост*".

На образованието како едно од основните човекови права на детето укажува и член 28 од Конвенцијата за правата на детето, според кој „*државите членки му го признаваат правото на детето на образование и поради постепено остварување на ова право врз основа на еднакви можности, го прогласуваат основното образование за задложително и бесплатно за сите, и го поттикнуваат развојот на различните облици средно образование, вклучувајќи го општото и стручното образование кое им е достапно на сите деца"*. Понатаму, во член 24 од Конвенцијата за правата на лицата со попреченост, во врска со образованието меѓу другото, е наведено дека „*државите потписнички го признаваат правото на образование на лицата со попреченост, и со цел остварување на ова право без дискриминација и врз основа на еднакви можности, државите потписнички обезбедуваат инклузивен систем на образование на сите нивоа".*

Во Република Северна Македонија, поради пандемијата од Ковид-19, а согласно усвоените Протоколи (*Протокол за постапување на основните училишта во Република Северна Македонија за реализација на воспитно-образовниот процес со физичко присуство на учениците во учебната 2020/2021 година* и *Протокол за постапување на средните училишта во Република Северна Македонија за реализација на воспитно-образовниот процес со физичко присуство на учениците во учебната 2020/2021 година)* на 82-та седница одржана на 26.08.2020 година, Владата донесе одлука за формирање на работна група во којашто учествуваа претставници од Министерството за здравство, Министерството за образование и наука и од Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, која беше задолжена за давање мислење за подготвеноста на основните и средните училишта за спроведување на наставата во услови на Ковид-19 по поднесените барања од страна на основачите на училиштата за организирање на настава со физичко присуство, како исклучок од задолжителната онлајн настава за учениците од четврто одделение во основното образование и за учениците до четврта година во средното образование. Дополнително, Владата го задолжи Министерството за образование и наука да го промени Календарот за учебната 2020/2021 година, со што наставниот процес наместо на 1-ви септември започна на 1-ви октомври 2020 година.

Во информација на официјалната интернет страна на МОН, на 23.09.2020 година беше објавено дека *„Владата го усвои Извештајот за работата на Комисијата за разгледување на поднесени барања од страна на основачот на училиштето за организирање на настава со физичко присуство. Извештајот се однесува за разгледаните барања во период од 02.09.2020 година до 14.09.2020 година, со што 169 училишта добиваат согласност за настава со физичко присуство. Министерството за образование и наука ја информира јавноста дека станува збор за подрачни основни и средни училишта коишто имаат мал број на ученици.“*[1]

Понатаму, на 27.09.2020 година на 6-та седница на Владата на РСМ, беше објавен Извештај за работата на Комисијата за разгледување на поднесени

[1] https://mon.gov.mk/content/?id=3349

барања од страна на основачот на училиштето за организаирање настава со физичко присуство, за период од 18.09.2020 до 25.09.2020, со што првичниот список се надополни со уште неколку училишта, па така настава со физичко присуство се овозможи за вкупно 196 основни училишта.[2]

**Училишната 2020/2021 година официјално започна на 01.10.2020, а истиот ден во соопштение МОН објави дека *„Во 600 училишта во државата се одржува настава со физичко присуство, а за останатите е достапно учење на далечина, преку онлајн платформата и со емитување на часови на македонски и на албански јазик на националната телевизија*.“**[3]

Народниот правобранител преку Одделот за заштита на правата на децата и на лицата со попреченост, во чии рамки дејствува тимот за мониторирање на имплементацијата на Конвенцијата на ООН за правата на лицата со попреченост, следејќи ја состојбата со остварувањето на правото на образование на децата, согласно Годишниот план за работа одлучи да спроведе истражување за начинот на реализација на наставата во учебната 2020/21 година во основните училишта на територија на Република Северна Македонија во услови на пандемија.

## 2. ЦЕЛ И МЕТОДОЛОГИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕ

Истражувањето имаше една ***главна цел*** - да се утврдат начините на кои се реализираше наставата во учебната 2020/21 година, во услови на пандемија, во општинските основни училишта. Истовремено, преку ова истражување Народниот правобранител сакаше да добие целосна слика за предизвиците во однос на следењето на онлајн наставата, проблемите со кои се соочиле учениците, начинот на кој училиштата го обезбедиле правото на непречено следење на настава за учениците кои немале услови за следење на онлајн настава, каков вид на поддршка училиштата им обезбедиле на овие ученици, како и на учениците со попреченост.

[2] https://vlada.mk/node/22632

[3] https://mon.gov.mk/content/?id=3369

Дополнително, од училиштата побара да се произнесат со предлози/сугестии за ефикасно спроведување на онлајн наставата за сите ученици, особено со фокус кон учениците од ранливите категории, вклучително и учениците со попреченост.

Во истражувањето беше применето ***анкетирање*** како техника на истражување, со инструмент на истражување***, анкетни прашалници*** изготвени за потребите на истражувањето.

Анкетата, со доставување на прашалници до основните училишта се спроведе во второто полугодие од учебната 2020/21, заклучно со јуни. Прашалник беше доставен до вкупно **337** општински основни училишта на територија на Република Северна Македонија, на кој одговориле **290** училишта, односно **86%** од вкупниот број[4].

---

[4] Вкупно 47 училишта не доставиле одговор и тоа:

ООУ „26 Јули“ од општина Шуто Оризари, Скопје; ООУ „Климент Охридски“ и ООУ „Лиман Каба“ с.Љуботен од општина Бутел, Скопје; ООУ „25 Мај“, ООУ „Крсте Мисирков“ Маџари и ООУ „Наум Охридски“ Булачани од Општина Гази Баба, Скопје; ООУ „Братство Единство“ с.Коњари, општина Петровец, Скопје; ООУ „Лазо Трповски“ и ООУ „Владо Тасевски“ од Општина Карпош, Скопје; ООУ „Никола Вапцаров“, ООУ „Васил Главинов“, „7 Марси“, „Јашар Беј Шкупи“ и „Тефејјуз“ од Општина Чаир, Скопје; ООУ „Бајрам Шабани“ Кондово, ООУ „Емин Дураку“ Буковиќ и ООУ „Ибе Паликуќа“ с.Бојане, од Општина Сарај, Скопје; ООУ„Димитар Македонски“ и „Љубен Лапе“ од Општина Аеродром, Скопје; ООУ „Алија Авдовиќ“ Батинци, ООУ „Наим Фрашери“ и ООУ „Мустафа Кемал Ататурк“ од Општина Студеничани, Скопје; ООУ „Марко Цепенков“ од Зелениково, Скопје; ООУ „Атанас Новачински“ од Василево, ООУ „Пере Тошев“ од Росоман, ООУ „Братство Миѓени“, ООУ „Ѓерѓ Кастриоти Скендербег“, ООУ „Лирија“, ООУ „Наим Фрашери“, ООУ „Беса“ с.Вешала, ООУ „Перпарими“, ООУ „Реџеп Вока“ и ООУ „Рилинџа“ од Општина Тетово; ООУ „Хасан Тахсини“ од Желино; ООУ „Екрем Чабеј“ од Теарце; ООУ „Лирија“ од Чашка.

ООУ „Гоце Делчев“ од Могила, ООУ „Д-р Трифун Пановски“ од Битола, ООУ „Петар Мусев“ од Богданци, ООУ „Никола Карев“ од Крушево, ООУ „Ристо Шуклев“ од Гевгелија, ООУ„Бајрам Шабани“ и „Наим Фрашери“ од Општина Куманово, ООУ „Мустафа Кемал Ататурк“ и ООУ „Форино“ од Гостивар, ООУ „Наим Фрашери“ од Врапчиште и ООУ „Рилинџа“ од Липково.

## 3. АНАЛИЗА НА ДОБИЕНИТЕ ПОДАТОЦИ

**Број на ученици кои следеле настава со физичко присуство, или со учење од далечина**

Согласно добиените податоците од училиштата, во учебната 2020/2021 година вкупно **53172** ученици ја следеле наставата со физичко присуство, а **88813** ученици следеле онлајн настава.




При тоа, **од вкупниот број на ученици кои посетувале настава со физичко присуство 671 ученик се со попреченост**, додека од вкупниот број на ученици кои посетувале **онлајн настава имало 751 ученик со попреченост**. **И во двата начини на следење настава процентот на ученици со попреченост е 1%.** Истото е прикажано на следните графикони.







## Број на ученици кои НЕ можеле да следат онлајн настава

Од вкупно 290 училишта кои одговориле на Прашалникот **138 училишта (48%) одговориле дека немале ученици кои се соочиле со проблеми со следење на онлајн наставата**. **Додека бројот на училишта кои се изјасниле дека имале ученици кои НЕ можеле да следат онлајн настава е 152 (52%).**

Дополнителната анализа во однос на бројот на ученици кои НЕ можеле да следат онлајн настава покажа дека со овој проблем се соочиле **3425 ученици,** што споредбено со вкупниот број на ученици кои следеле онлајн настава (88813) покажува дека **околу 4% од учениците кои следеле настава со учење од**

**далечина, не можеле да ја следат истата**. Притоа, во некои училишта има само неколку ученици, во некои десетина, па до повеќе од 100 ученици по училиште. Пример, ООУ „Добре Јованоски“ од Прилеп дава податок за 120 ученици кои не можеле да следат онлајн настава, во ООУ „Башкими“ од Гостивар имало 150 ученици, ООУ „Кочо Рацин“ - Петровец известува за бројка од 159, како и значајни 399 ученици при ООУ „Браќа Рамиз Хамид“ од Шуто Оризари и 615 од ООУ „Ѓерѓ Кастриот Скендербеу“ од Арачиново, кои не можеле да следат онлајн настава.

## <u>Причини поради кои учениците не можеле да следат онлајн настава</u>

Од анализата на одговорите кои беа понудени во Прашалникот во врска со причините за неможност да се следи онлајн настава, при што училиштата можеа да изберат еден или повеќе од понудените одговори, произлегува следното:

- **немање пристап до интернет** – за оваа опција се одлучиле вкупно 129 училишта, или **45%** од испитаните училишта;
- **немање технички уред** – за оваа опција се одлучиле вкупно 117 училишта, што претставува **40%** од испитаните училишта;
- **немање поддршка од членови од семејството** – за која опција се одлучиле вкупно 46 училишта, што е **16%** од испитаните училишта;
- **друго** – е избрано од вкупно 34 училишта, односно **12%** од вкупно испитаните училишта. Притоа во однос на опцијата друго, самите училишта наведуваат некои од следниве причини: застарена технологија; расипани уреди; повеќедетни семејства кои имаат само еден уред кој мора да го делат повеќе деца; чести проблеми со електрична енергија (снемување на струја) или целосна исклученост од мрежата за напојување со електрична енергија; нестабилна, односно слаба интернет врска; незаинтересираност, неодговорност на одредени ученици и нивните родители.

**<u>На кој начин училиштето го обезбедува правото на непречено следење на настава за учениците кои немаат услови за следење на онлајн настава</u>**

На ова прашање беа понудени неколку одговори, а училиштата можеа да изберат еден или повеќе. Резултатите кои ги добивме се следни:

- **обезбедува печатени материјали** – за оваа опција се одлучиле 165, или **57%** од вкупно испитаните училишта;
- **редовно остварува контакт и споделува информации со родителите/старателите** – за која опција се одлучиле 145 училишта, односно **50%** од училиштата;
- **ги упатува на следење ТВ училница** – за оваа опција се одлучиле 118 училишта, или **41%** од вкупно испитаните училишта;
- **друго** – се определиле вкупно 72 училишта, односно **25%** од училиштата. Притоа, повеќе училишта (конкретно 36 училишта) навеле дека обезбедиле таблети, компјутери или други технички уреди за социјално загрозените семејства преку донации (од другите родители, во соработка со општината, или од други донатори), или пак, во рамки на училиштата им било овозможено на учениците да ги користат техничките ресурси на самите училишта, обезбедени биле училници со соодветна опрема за следење онлајн настава; организирани биле повремени консултативни средби со учениците кои се реализирале со физичко присуство според однапред утврден план за доаѓање во училиштата; се користеле други начини за комуникација (смс пораки, или контакт преку вибер, месинџер и сл.).

**<u>Дали во училиштето има евидентирано случаи на обраќање на родител/старател со барање за друг вид на помош и поддршка заради непречено следење на онлајн наставата.</u>**

**177 од испитаните училишта (61%) одговориле дека родителите/старателите на учениците се обратиле до нив со барање за помош и поддршка заради непречено следење на наставата (обезбедување**

**технички уреди и интернет, дополнителна помош при учењето, обезбедување психосоцијална и емоционална поддршка).**

Добиените одговори се презентирани на следниот график.




Од проширената и сеопфатна анализа на одговорите од училиштата во однос на презeмените мерки од страна на училиштата за задоволување на барањата на родителите/старателите произлегува дека биле преземени следниве мерки: биле обезбедени уреди преку донации; побарана била помош од различни хуманитарни организаци за обезбедување ИТ опрема; им била пружена помош на семејствата од ранливите категории и им биле дадени конкретни насоки за начинот на користење на ИТ опремата; биле вложени напори со цел да им се излезе во пресрет на оние ученици кои немале услови за следење онлајн настава; во одредени случаи училиштата се обратиле до надлежните органи, МОН, Биро за развој на образованието (БРО), Државен просветен инспекторат и општината со информација и со барање за помош при набавување на ИТ опрема; биле дадени на реверс училишни компјутери и таблети кои учениците ги користеле.

**<u>Дали училиштето има сознанија за семејства кои имаат потреба од помош и поддршка заради непречено следење на онлајн наставата</u>**

**На ова прашање 193 училишта одговориле потврдно, односно 67% од испитаните училишта знаеле дека постојат семејства кои имаат потреба од помош и поддршка заради непречено следење на онлајн наставата.**




Според одговорите од училиштата кои одговорија потврдно на ова прашање, се воочува дека се работи за ранливи семејства; семејства со низок социо-економски статус; семејства со ниски примања; невработени родители; семејства кои живеат во многу тешки услови; повеќедетни семејства; дисфункционални семејства; самохрани родители; родители со низок образовен статус, како и семејства во кои родителите не можат да му помогнат на детето во учењето.

За надминување на овие проблеми, училиштата наведуваат дека биле набавени компјутери, таблети и друга техничка опрема преку донации или хуманитарни акции во организација на Советот на родители; барале помош од општината, МОН, здруженија/организации и бизнис заедницата заради донација на технички уреди. Дел од училиштата, пак, наведуваат дека обезбедиле картички за интернет; печатени материјали; вклучување на образовни медијатори; реализирале индивидуални средби со учениците и нивните родители; овозможиле консултативни средби и дополнителна настава со

физичко присуство на одредени ученици; обезбедиле психо-социјална поддршка од страна на стручната служба и сл.

**<u>Каков вид на поддршка од училиштето им се обезбедува на децата со попреченост кои следат онлајн настава</u>**

Училиштата ги даваат следните одговори:

- поддршка од училишен инклузивен тим;

- индивидуална работа (индивидуални средби со физичко присуство, или индивидуални онлајн часови) на училишниот специјален едукатор и рехабилитатор (за училишта каде ова стручно лице е вработено) и образовните асистенти (доколку учениците со попреченост имале поддршка од образовен асистент);

- доставување на печатени материјали, адаптирани наставни материјали согласно индивидуалните образовни планови (ИОПи);

- редовни консултации со родителите, односно советодавно-консултативна помош на родителите.

**<u>Предлози/сугестии за ефикасно спроведување на онлајн наставата за сите ученици, а особено со фокус на учениците од ранливите категории, вклучително и учениците со попреченост.</u>**

На ова прашање добиен е одговор од вкупно 167 училишта, а нивните одговори сублимирано се презентирани во продолжение:

- спроведување на детална и сеопфатна анализа од страна на МОН со цел согледување на состојбата со онлајн наставата, и зајакнување на ефикасноста на спроведувањето на настава со учење од далечина;
- обезбедување на потребните технички услови (уреди и стабилен интернет) од страна на државата/ресорното министерство, или локалната самоуправа;

- овозможување комбинирана настава (часови со физичко присуство и онлајн) и со дополнително обезбедување на печатени материјали адаптирани на можностите на учениците;
- финансиска поддршка или поддршка во техничка опрема за децата од социјално ранливите семејства, и едукација на родителите за користење на ИТ опремата;
- обезбедување бесплатен интернет за ученици од социјално загрозените семејства;
- обезбедување асистивна технологија адаптирана на потребите на учениците со попреченост;
- обезбедување на образовни асистенти и специјален едукатор и рехабилитатор за работа со учениците со попреченост;
- овозможување на учениците со попреченост да следат настава со физичко присуство, за да ги користат расположливите ресурси на училиштето (опрема и стручни лица);
- зајакнување на капацитетот на наставниците преку организирање на повеќе обуки за поефикасно спроведување на онлајн настава за сите ученици, вклучувајќи ги и учениците со попреченост;
- овозможување на континуирана соработка со семејствата на учениците од ранливите категории, следење и поддршка на образовните потреби на сите ученици;
- поголема ангажираност и контрола од страна на родителите во следење на постигнувањата и редовноста во следење на наставата на учениците од ранливи категории.

## 4. Заклучни согледувања на Народниот правобранител

Народниот правобранител, од одговорите добиени од 290 основни училиштата, констатира дека за вкупно 142.525 ученици, во учебната 2020/21 година основното образование се реализираше комбинирано (дел со физичко присуство, а дел со учење од далечина), при што поголемиот број ученици (88 813) наставата ја следеле од далечина.

Бројот на деца со попреченост во основното образование, во оваа учебна година изнесува 1422 ученици, од кои 671 следеле настава со физичко присуство, а 751 онлајн.

Во 52% од испитаните училишта односно 152 основни училишта имало ученици кои НЕ можеле да следат онлајн настава. Нивниот број е 3425, односно околу 4% од вкупниот број на ученици кои следеле настава со учење од далечина.

Наставата од далечина особено претставувала предизвик за децата од семејства во социјален ризик, кои имале потешкотии со обезбедување на технички предуслови за следење на онлајн настава, а некои семејства (родители/старатели) воопшто не биле во можност ефикасно да ги поддржат своите деца во совладувањето на наставните содржини, што секако се одразува негативно на едукацијата, целокупниот развој и благосостојбата на децата.

Проблемот со пристап до образование, особено за ранливите групи (деца од сиромашни семејства, од рурални средини, повеќедетни семејства, маргинализирани групи, каде се вбројуваат учениците со попреченост и децата од ромска етничка заедница, бил присутен и во текот на учебната 2020/21 година. Во тој контест, најчест проблем со кој се соочиле овие деца/семејства е немањето технички средства и постојана/стабилна интернет врска за следење на онлајн наставата, а со тоа и неможност за континуирана комуникација со своите наставници и соученици.

Дел од училиштата сами се снаоѓале за обезбедување на технички уреди и интернет за оние ученици и семејства кои тоа не можеле да го обезбедат (преку спроведени добротворни акции или пак ИТ опремата била обезбедена по пат на донации).

Отсуството на ефикасна и соодветна поддршка е исто така сериозен недостаток, кој особено дојде до израз кај учениците кои следеа настава од далечина, а кои инаку во редовни околности, при редовно следење на образовниот процес оваа поддршка ја добиваа во рамки на училиштето.

Народниот правобранител, имајќи ги предвид одговорите на основните училишта, констатираните состојби, предлозите на директно инволвираните во реализирање на наставата за учениците, а при тоа следејќи ги состојбата во

услови на пандемија од Ковид-19, која неспорно ќе влијае на текот на воспитно - образовниот процес и реализирање на наставата генерално, и во претстојната учебна 2021/2022 година заради превенирање на долгорочните последици, особено врз најранливите групи деца **препорачува:**

**-** надлежните органи да ги преземат сите мерки и дејствија за минимизирање, по можност и целосно отстранување на пречките за непречено учество и следење на наставата на сите деца, на подеднаква основа, при што сериозно треба да ги земат предвид предлозите/сугестиите за унапредување на наставата од далечина кои ги даваат самите училишта како директни носители на наставниот процес,

**-** да се преземат мерки во насока на создавање на потребни предуслови во смисла на обезбедување технички можности (опрема и интернет) за непречено и ефикасно следење на наставата од далечина, со дополнителен развој на капацитетите и дигиталните вештини на родители/старатели, како и на наставниците кои работат со овие ученици, како истата би била достапна за сите ученици,

- зајакнување на капацитетот на образовниот систем во целина, со цел да биде достапен/пристапен за сите ученици, особено на оние кои поради различни причини се исклучени или се во ризик да бидат маргинализирани,

- вклучување и активно учество на сите инволвирани страни, односно да се земат предвид мислењата, ставовите и предлозите кои произлегуваат од самите ученици или нивните претставници при планирањето и донесувањето на одлуки во врска со начинот на реализирање на наставниот процес заради непречено, квалитетно и успешно образование на сите ученици во основното образование.